# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ УГ.21

Овој образец го пополнуваат сите угостителски и неугостителски деловни субјекти и други деловни субјекти кои во својот состав имаат **камп** како посебна единица.

**Камп** е угостителска деловна единица што дава уредено земјиште на кое гостинот поставува своја или во кампот изнајмена опрема за сместување (камп-приколки или шатор, маса и столови, лежалки и др.) и простор за сместување на возило. Кампот располага со определени хигиенско-санитарни уреди и внатрешни комуникации.

Кампот што не ги исполнува условите определени со прописите за категоризација за најниска категорија на камп, како и камп организиран на земјиште што привремено е определено за кампување, се искажува како кампиралиште.

Се овој образец не се опфаќаат работничките одморалишта и детските младински одморалишта што се организирани како камп, туку со образецот УГ.20.

**Образецот се пополнува и се доставува до надлежниот статистички орган до 15 октомври 2015 година.**

## Идентификациски податоци

Идентификациските податоци се преземаат од документацијата на угостителскиот објект за сместување и тоа од: решението, односно образецот за тековната состојба на деловните субјекти. Овие решенија се издаваат од страна на Централниот регистар на Република Македонија кога се регистрираат нови деловни субјекти или трговци-поединци, кога се врши промена на дејноста или пренамена на објектот, како и кога се врши распределба на единиците во состав на еден деловен субјект. **Покрај секое решение се издава и образец за тековната состојба на деловните субјекти.**

Министерството за економија - Секторот за туризам издава Решение за исполнување на минималните технички услови за секој угостителски објект во кое е наведено за каков вид и категорија на угостителски објект за сместување се работи.

## А. Капацитети за сместување

Во соодветните куќички се запишуваат податоци за сместувачкиот капацитет на кампот. Сместувачкиот капацитет на кампот се состои од: простор на кој гостинот поставува опрема за сместување (камп-приколка или шатор, маса и столови и др.) и од шатори, камп-куќички, камп-приколки, бунгалови, павилјони и вили што се сопственост на организаторот на кампот и кој тие објекти им ги дава под наем на гостите.

Капацитетот за сместување на кампот се изразува со вкупната површина на целото земјиште за кампување, уредено и ограничено, изразено во $м^2$ (прашање 1).

*Прашање 2*

Број на сопствени капацитети (бунгалови, павилјони, вили, камп-куќички и камп-приколки) кои се поставени и се сопственост на кампот и може да се изнајмуваат. Бројот се запишува во куќичките.

*Прашање 3*

Број на леглата во поставените објекти (бунгалови, павилјони, вили, камп-куќички и камп-приколки) што се сопственост на организаторот на кампот се запишуваат во куќичките.

*Прашање 4*

Прашањето 4 се однесува на бројот на шатори и камп-приколки во сопственост на гостите што може да се сместат на просторот за кампување и со бројот на леглата во нив. Бројот се запишува во куќичките.

Податоците се даваат според книговодствената и техничката документација.

**Б. Санитарни уреди**

Податоците се запишуваат во соодветните куќички во прашалникот.

**В. Сезона на работа**

Бројот на деновите во кои е отворен целиот капацитет на кампот се запишува на линијата по прашањето, а не во куќичките.

**Г. Опременост на кампот за давање на посебни услуги**

**Во зависност од тоа дали кампот има или нема некои од споменатите објекти, терени и слично, на најголемиот дел од наведените прашања се одговара така што се заокружува "1" (ако кампот го има наведениот објект, терен и сл.) или "2" (ако кампот го нема наведениот објект, терен и сл.).**

*Прашање 5.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.** Ако кампот има приклучоци за струја, покрај тоа што ќе се заокружи "1", зад одговорот "да", во соодветната куќичка ќе се запише и бројот на приклучоците за струја.

*Прашање 7.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.** Во заеднички простории спаѓаат просториите што служат за гледање телевизија, играње карти, билијард и друго.

*Прашања 8-10.*

Во соодветните куќички се запишува бројот на игралиштата. Ако кампот ги нема наведените игралишта, во куќичките не се запишува ништо.

*Прашање 14.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.** Под ова се подразбира услуга која може да ја користи гостинот во рамките на кампот.

*Прашање 19.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.** Ако кампот има заеднички фрижидер или разладни комори за потребите на туристите, во соодветните куќички се запишува нивниот капацитет во литри.

*Прашање 20.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.** Како високо зеленило се сметаат посадени или самоникнати дрвја. Грмушки, рози и цвеќе не се сметаат како високо зеленило.

*Прашање 21.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

**Д. Единици за исхрана и точење на пијалаци во состав на кампот**

Податоците се запишуваат во соодветните куќички за бројот на објекти и вкупниот број на седишта во отворен и затворен простор.

Набавната ревалоризирана вредност на основните средства во 2014 година се запишува во куќичките според завршната сметка во 2014 година, во илјади денари, прикажана во билансот на состојба.

Документација за пополнување на прашалниците УГ.21 е книговодствената евиденција и документацијата: книгите на годишните и периодичните пописи на основните средства, техничката документација за изградените објекти, правните акти за регистрацијата и категоризацијата и договорите за закуп или друга форма на договори.